Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.

Бр./Nr. 03-14/25

31-03-2022 20 год./viti

СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за производство, трговија и услуги
РИСТОВИ ИР ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03-01
29.03.2022 год.
с.Владиевци Василево

# ДОГОВОР

Склучен на ден ________________________ година меѓу:

1. **ЈП "Национални шуми" Скопје, бул. "Климент Охридски" бр.68** со жиро сметка број 200000026783244, даночен број 4030998338949 - Депонент Стопанска банка АД Скопје, претставувано од Директорот Јулиана Николова, во понатамошниот текст: **/Договорен орган**/ и

2. **"ДПТУ РИСТОВИ ИР ДООЕЛ увоз-извоз "** с. Владиевци бр. 93 А, Василево, даночен број 4039012500660, матичен број 6789331, со жиро сметка број 200002913098560 - Депонент Стопанска банка А.Д Скопје, претставувано од Управителот Иљчо Ристов во понатамошниот текст: **/Носител на набавката/**

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на стоки - **Сертифициран семенски материјал** за потребите на Подружниците на ЈП "Национални шуми" дадени во спецификацијата на тендерската документација, преку испораки според условите утврдени во постапка со Набавка од мала вредност и прифатената понуда - листа на цени по спроведена е-аукција на економскиот оператор ДПТУ РИСТОВИ ИР ДООЕЛ увоз-извоз.
Договорот не го обврзува договорниот орган да ја изврши целокупната набавка.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност за предметот на договорот од член 1 на овој договор изнесува :
**Дел1: Сертифициран семенски материјал – Zea mays Пченка** изнесува 32.290,00 без ДДВ или 38.102,20 со ДДВ
**Дел 2: Сертифициран семенски материјал – Hordeum vulgare – Јачмен** изнесува 164.900,00 без ДДВ или 194.582,00 со ДДВ . и
**Дел 3: – Сертифициран семенски материјал – Medicago sativa - Луцерка** изнесува 43.320,00 без ДДВ или 51.117,60 со ДДВ .

Вкупниот износ, за реализација на набавката предмет на овој договор изнесува 240.510,00 денари без ДДВ или 283.801,80 денари со ДДВ.

Дел 1. Сертифициран семенски материјал – **Zea mays** пченка:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | % на учество | Вкупна цена без ДДВ по е-Аукција | Единечна цена без ДДВ по е-Аукција |
| Сертифициран семенски материјал – **Zea mays** пченка | сеидбени единици | 310000 | 0,150 | 46.500 | 100 | 32.290 | **0.1041613** |

Дел 2. Сертифициран семенски материјал – **Hordeum vulgare** - Јачмен:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | % на учество | Вкупна цена без ДДВ по е-Аукција | Единечна цена без ДДВ по е-Аукција |
| Сертифициран семенски материјал – **Hordeum vulgare** - Јачмен | кгр. | 6000 | 50 | 300 | 100 | 164.900 | **27.483333** |

Дел 3 Сертифициран семенски материјал – **Medicago sativa –** Луцерка

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | % на учество | Вкупна цена без ДДВ по е-Аукција | Единечна цена без ДДВ по е-Аукција |
| Сертифициран семенски материјал **Medicago sativa –** Луцерка | кгр. | 120 | 700 | 84.000 | 100 | 43.320 | **361** |

## III. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 3

Договорните страни се согласни плаќањето на износот-цената од член 2 од овој договор да се изврши на следниот начин: вирмански во рок од **30 дена** од денот на прием на фактурата во архивата на Дирекција на ЈП „Национални шуми“ со прилог испратница од извршената испорака на стоката.

Носителот на набавката фактурите заедно со испратниците, во два комплета ги доставува во архива на дирекцијата на адреса ЈП "Национални шуми" Скопје, бул. "Климент Охридски" бр.68, при што наведува за која подружница е извршена набавката предмет на овој договор. Во прилог на секоја ф-ра се доставува испратница потпишана од двете страни.

## IV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 4

Носителот на набавката се обврзува да:

- изврши набавка на стоката предмет на овој договор согласно бараните технички спецификации и квалитет од прифатената понуда,
- семенскиот материјал треба да го прати сертификат за конечно сертифицирано семе издаден од Управа за семе при МЗШВ на Р.С.Македонија каде ќе бидат наведени сите технички податоци потребни за квалитет на семе кој треба да одговараат на законските прописи согласно Законот за семе и саден

материјал (Службен весник на Република СМакедонија бр.151/14) и Правилник за трговија со семенски материјал од житни растенија (Службен весник на Република С.Македонија бр.8/07 и 68/14).

- семенскиот материјал согласно законот треба да биде третиран, запрашен или обезаразен со средство за обезаразување со клаузула дека семето не смее да се употребува за исхрана на луѓе, домашни животни, птици или риби.
- изврши испорака на семенскиот материјал ф-ко Подружница по доставена нарачка-спецификација.
- да се придржува до крајниот рок за доставување на предметот на набавката;
- извршувањето на набавката да одговара на општо прифатените норми и стандарди за овој вид на стоки;

## V. КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

Член 5

Квалитативен и квантитативен прием врши овластено лице на Договорниот орган по документ потпишан од двете страни. Договорниот орган го задржува правото на рекламација при приемот на целокупната документација за извршувањето на набавката.

## VI. РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА

Член 6

Договорните страни се согласни испораката да биде еднократно, ф-ко магацин во подружница, соодветно спакуван, но не подолго од **15 дена** од денот на добивањето на писмена нарачка од страна на договорниот орган за период на важност на договорот.

Испораката на предметот на набавката ќе се врши по доставена писмена нарачка-спецификација од страна на договорниот орган, соодветно спакувана за секоја подружница посебно – барател на стоката.

Поради специфичноста – потребата од набавка за Сертифициран семенски материјал за нормално одвивање на производството кај Договорнот орган, набавката ќе се врши редовно и не ја одложува никаков спор. Доколку дојде до нарушување на процесот на производство и направена штета поради ненавремена и неквалитетна испорака, истата ќе ја сноси носителот на набавката.

Член 7

Договорните страни се согласни во случај Носителот на набавката да не ја изврши испораката на стоките предвидени во член 6 од овој договор, истиот е должен да му плати на Договорниот орган договорна казна во висина од 0,5% од вкупната цена определна со член 2 од овој договор, за секој ден на доцнење. Договорната казна не може да надмине 5% од вкупната цена определена со член 2 од овој договор.

Член 8

Договорниот орган е овластен да го раскине Договорот доколку Носителот на набавката не се придржува согласно член 4 и 6 од овој Договор, или некој друг битен елемент од наведената понуда, односно непочитување на одредбите во овој Договор.

Раскинувањето на договорот се врши со претходна најава во рок кој не може да биде пократок од 15 дена.

Доколку договорот ќе се раскине пред истекот на важноста на договорот или пред исполнувањето на обврските по вина на Носителот на набавката, Договорниот орган ќе постапи согласно ЗЈН. Носителот на набавката е одговорен за направена штета доколку при раскинување на Договорот допринесе до нарушување на текот на производството или друга штета кај Договорниот орган.

## VII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 9

Договорот се склучува на одредено време за период од една година од денот на склучувањето или до исполнување на обврските – вкупниот износ на договорот доколку истиот се изврши пред истекот на важноста на договорот согласно рокот на испорака на стоката.

Одредбите на договорот важат во рок од една година од склучувањето .

За правата и обврските кои не се регулирани со овој договор, а се во врска со неговото исполнување ќе се применува Законот за облигационите односи.

Член 10

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

Член 11

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 12

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

Член 13

Овој Договор е составен во 3 (три) еднакви примероци, од кои 2 примероци задржува Договорниот орган, а 1 примерок за Носителот на набавката.

Договорен орган,
**ЈП "Национални шуми" Скопје**
Директор

---------------------------------

Носител на набавка,
**ДПТУ РИСТОВИ ИР ДООЕЛ**
Управител,

---------------------------------